Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 93, 3 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научното подрачје гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 29

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област оториноларингологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 65

**РЕФЕРАТ** за иизбор на помлад асистент/асистент (специјалист) за наставно-научната област трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област физика и геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 79

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на виш лектор од научна област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 88

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 97

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор од научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 100

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање доцент за наставно-научната област полимерно инженерство и анализа и синтеза на процеси на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 104

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област полимерни материјали и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 109

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 115

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 120

**РЕФЕРАТ** за избор на доцент за научната област сликање и сликарски техники на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 125

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент) за наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 135

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област информациони системи и мрежи и процесирање на податоци на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 142

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 144

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 146

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 149

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Заштита при работа“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 152

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Техничка заштита во рударството“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, вработени на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 155

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Стоматолошки материјали и технологија” од доц. д-р Ивона Ковачевска, Факултет за медицински науки, општа стоматологија и стручни студии за забен техничар протетичар, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 158

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 162

**ОДЛУКИ** за избор на визитинг професори ........ 163

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ВИШ ЛЕКТОР ОД НАУЧНА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука број 2402-189/6 од 17.10.2012 год. донесена на 71. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 17.10.2012 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на ***виш лектор*** за научната област ***англистика*** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“ на 5.10.2012 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Снежана Кирова, виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на приложената документација на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Снежана Кирова (род. Савин)** е родена на 5 декември 1957 год. во Српска Црња, Р. Србија. Основно и средно образование (гимназија – Природно-математичка насока) со континуиран одличен успех има завршено во родното место. На Филолошкиот факултет при Универзитетот во Белград, Англистика, се запишува во 1976 година, а дипломира во 1980 година.

Своето понатамошно усовршување веднаш го продолжува на истиот факултет, на постдипломско ниво во учебната 1980/1981 година. По положувањето на сите испити предвидени со програмата за постдипломски студии успешно го одбранува магистерскиот труд под наслов „*Социјална тематика во некои романи на Катарина Сузана Причард*“ во 1984 година и се стекнува со академски степен магистер на филолошки науки.

***Работно искуство***

Во периодот 1983-1986 година работи како професор по англиски јазик во гимназијата во Свети Николе.

Од 1986 година до 1993 година работи како инокореспондент во Текстилниот комбинат „Македонка“, каде што се стекнува со широко познавање на англискиот јазик од областа на текстилството.

Како професор по англиски јазик работи во двете основни училишта во Пробиштип во периодот од 1993 до 1996 година, кога предава и во гимназијата во Пробиштип.

Во 1996 година на седница на Матична комисија за основање на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е избрана во звањето предавач по предметот Англиски јазик на Одделенска настава и Предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во 2000 година е избрана за виш предавач по предметот Англиски јазик на двете насоки на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во 2005 година е избрана за виш лектор по предметот Англиски јазик на двете насоки на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во текот на своето работење на Педагошкиот факултет ги предава предметите: Англиски јазик 1 и 2, Англиски јазик изборен предмет - напреден курс и Англиски јазик изборен предмет – втор странски јазик, почетен курс. Исто така ги предава и предметите Основи на англоамериканска цивилизација и култура и Јазични вежби на Модулот за рано учење на англиски јазик на двете насоки.

Од 2007 год. работи на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во Центарот за јазици, а од учебната 2008/2009 година работи како виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и ги предава задолжителните предмети Англиски јазик (лекторска настава) 1 и 2 и на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, предметот Англиски јазик на Одделенска настава и Предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет и предметите Англиски јазик 1 и 2 на Факултетот за информатика - Штип.

Во учебната 2009/2010 година како виш лектор по англиски јазик ги предава задолжителните предмети Современ англиски јазик 1, 2, 3 и 4 и Граматика на англискиот јазик 3 и 4 (Морфологија 1 и 2) на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, предметот Англиски јазик на Одделенска настава и Предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет – Штип и Струмица и предметите Англиски јазик 1 и 2 на Факултетот за информатика - Штип.

Во учебната 2010/2011 година како виш лектор по англиски јазик ги предава задолжителните предмети Современ англиски јазик 1, 2, Англиски јазик (лекторска настава) 5 и 6 и Морфологија на англискиот јазик 1 и 2 на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, предметот Англиски јазик на Одделенска настава и Предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет - Штип и Струмица и предметите Англиски јазик и Деловен англиски јазик на Факултетот за информатика - Штип.

Во учебната 2011/2012 година како виш лектор по англиски јазик ги предава задолжителните предмети Современ англиски јазик 3, 4, Англиски јазик (лекторска настава) 7 и 8 и Морфологија на англискиот јазик 1 и 2 на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, предметот Англиски јазик на Одделенска настава и Предучилишно воспитување и Англиска морфологија на Модулот за рано учење на англиски јазик на Педагошкиот факултет - Штип и Струмица – изборен предмет.

Во учебната 2012/2013 година како виш лектор по англиски јазик ги предава задолжителните предмети Современ англиски јазик 3, 4, 7 и 8 и Морфологија на англискиот јазик 1 и 2 на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, задолжителниот предмет Англиски јазик на Одделенска настава (Штип и Струмица) и Предучилишно воспитување (Штип) и изборните предмети Јазични вежби и Англиска морфологија (на Модулот за рано учење на англиски јазик) на Педагошкиот факултет во Штип и во Струмица.

Снежана Кирова е член на Комисијата за потпишување на пријави и оцени за предметот Англиски јазик на нематични факултети, потписник на предметите Современ англиски јазик 1-8 (задолжителни), Морфологија на англискиот јазик 1 и 2 (задолжителни), Англиски деловен јазик и Меѓукултурни релации Македонија - Велика Британија – изборни предмети на Филолошки факултет, потписник на признати испити на нематични факултети, член на Комисијата за проверка на студентски досиеја за дипломирани студенти и член во поголем број на комисии за одбрана на дипломска работа на Факултетот за образовни науки при УГД. Член е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет и надворешен член на ННС на Факултетот за образовни науки, Технолошко-техничкиот факултет и Факултетот за информатика.

***Стручна и наставно-научна активност***

Во текот на изборниот период (2009 – 2012) виш лектор м-р Снежана Кирова има учествувано на повеќе симпозиуми, конгреси и конференции во земјава и надвор од неа, и тоа како од областа на својата тесно-стручна усовршеност од областа на англиски јазик, така и од областа на образованието и воспитанието, при што има објавено поголем број на научни и стручни трудови, а други се во печат.

***Учество во проекти и обуки***

1. ТЕМПУС ПРОЕКТ „Интегрирање на е-учење преку курикулумот на учители“, (2009): “Integrating E-learning across Teachers’ Curriculum”, Joint European Project CD JEP-40020-2005.

2. Сертификат за завршена обука „Интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес, јули 2011 год., УГД, Центар за е-учење, 2011.

***Учество на симпозиуми, конгреси и конференции***

1. Трећи конгрес Примењена лингвистика данас – између теорије и праксе, Нови Сад, Р. Србија. 29.11.2009 - 1.12.2009.
2. International Conference of Education, Research and Innovation, 15th-18th November, 2009, Madrid, Spain.
3. WCES-2010 (2nd WORLD CONFERENCE ON EDUCATIONAL SCIENCES), Istanbul, Turkey, 04.-08.02.2010.
4. Петти научен собир: „Образование за хумано општество“, Охрид, 28- 29 мај 2010.
5. Конференција „Науката, образованието и изкуството през 21ви век“, Съюз на учените в България клон Благоевград, Р. Бугарија, 2010.
6. 13th International Conference “ICT IN THE EDUCATION OF THE BALKAN COUNTRIES”, Varna, June, 17 – 19, 2010, Bulgaria.
7. 4th International Symposium of Ecologists of Montenegro ISEM4, 6-10 October 2010, Budva, R. Crna Gora.
8. Међународна конференција, ФИЛОЛОШКА ИСТРАЖИВАЊА ДАНАС - ЈЕЗИК, КЊИЖЕВНОСТ, КОМУНИКАЦИЈА, 26-27 новембар 2010, Филолошки факултет, Универзитет у Београду.
9. Јубилејна научна конференција „Съвременното образование – Мисия и визии“, Югозападен Университет „Неофит Рилски“, Факултет по педагогика, 3-4 декември 2010, Благоевград, Р. Бугарија.
10. 6. Medjunarodni Simpozijum - Tehnologija, Informatika i Obrazovanje – za društvo učenja i znanja, ČAČAK, 3 – 5 Jun 2011, R. Srbija.
11. WCES–2011, 3rd World Conference on Educational Sciences, Bahcesehir University, 03-07 February, Istanbul, Turkey.
12. 9th ELTA Conference “Teaching-Learning-Assessing: Strengthening the Links”, Faculty of Philosophy, Novi Sad, April 8-9 2011, R. Srbija.
13. VI Меѓународна македонско-полска конференција „Историја, култура, јазик, литература, фолклор“, УКИМ-Скопје, Институт за национална историја, Јагелонски универзитет – Краков, Институт за политички науки и меѓународни односи, УГД – Штип, Филолошки факултет, Скопје-Штип, 1-3 јуни 2011.
14. 4th WORLD CONFERENCE ON EDUCATIONAL SCIENCES (WCES-2012) 02-05 February 2012, Barcelona, Spain.

***Список на објавени научни и стручни трудови* (хронолошки)**

1. Уланска Т., **Кирова С**. (**2009**): *Teaching elements of culture and humour in the EFL classroom*, Зборник радова са Трећег конгреса Примењена лингвистика данас – између теорије и праксе, Нови Сад, Р. Србија. 29.11.2009 - 1.12.2009., стр. 285-292.
2. **Kirova S**., Ulanska T. (**2009**): *The use of the learning management system ‘Moodle’ for promotion of online methodology*, Proceedings of ICERI-2009 Conference 15th-18th Nov., 2009, Madrid, Spain, pp 6948- 6952.
3. Јованов Ј., **Кирова С.** (**2010**): *Обединување на информатичките технологии со изучувањето на јазиците*, Годишен зборник, Год. 1, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, стр. 29-36.

Petkovska B., Koceva D., **Kirova S**., Ulanska T., (**2010**): *Standards for student’s assessment in primary school*, WCES-2010 (2nd WORLD CONFERENCE ON EDUCATIONAL SCIENCES), Istanbul, Turkey, 04.-08.02.2010, Published by Elsevier Ltd. Available online at www.sciencedirect.com, Volume 2, Issue 2, 2010, pp. 2366–2370.

Ulanska T., **Kirova S**., Petkovska B., Koceva D. (**2010**): *Initial English language competences in elementary state schools in Macedonia*, 2nd WCES-2010 (WORLD CONFERENCE ON EDUCATIONAL SCIENCES), Istanbul, Turkey, 04-08.02.2010., Published by Elsevier Ltd. Available online at www.sciencedirect.com, Vol. 2, Issue 2, 2010, pp. 2510–2513.

4. Mirascieva S., **Kirova S.**, (**2010**): *Problem solving teaching and ICT in teaching,* „Науката, образованието и изкуството през 21ви век", Годишник Том IV, Съюз на учените в България клон Благоевград, стр. 169-173.
5. Petrova Gjorgjeva E., **Kirova S**. (**2010**)**:** *Goals of primary education in the Republic of Macedonia,* Съвременното образование – Мисия и визии, Сборник с научни студии и статии, Югозападен Университет „Неофит Рилски", Факултет по педагогика, Благоевград, Р. Бугарија, стр. 257-259.
6. **Kirova S. (2011):** *Rosetta Stone - an interactive educational tool for learning foreign languages,* Zbornik radova - 6. Medjunarodni Simpozijum - Tehnologija, Informatika i Obrazovanje – za društvo učenja i znanja, ČAČAK, 3 – 5. Jun, pp. 187-193.
7. Petrova Gjorgjeva E., **Kirova S. (2011):** *Information – communication technologies in teaching (prerequisites and perspectives,* Zbornik radova - 6. Medjunarodni Simpozijum - Tehnologija, Informatika i Obrazovanje – za društvo učenja i znanja, ČAČAK, 3 – 5. Jun, pp. 200-207.
8. **Kirova S.,** Stavreva Veselinovska S. **(2011):** *Students' engagement in ecological activities in schools,* Practice and Theory in Systems of Education, Pedagogical Journal of Association of Educational Sciences, HU ISSN 17882591 (Online), Vol. 6, Nr. 4 2011, pp. 361-370.

**Kirova S.,** Stavreva-Veselinovska S. **(2011):** *An attempt of integration of teaching contents of the subjects ecological education and English as a foreign language,* WCES–2011, 3rd World Conference on Educational Sciences, Bahcesehir University, Istanbul – Turkey, 03-07 February, Available online at www.sciencedirect.com, Vol. 15, pp. 1220–1225.

Petrova Gjorgjeva E., Petrovski V., Mirascieva S., **Kirova S. (2011):** *Solving the problem of waste*, WCES–2011, 3rd World Conference on Educational Sciences, Bahcesehir University, Istanbul – Turkey, 03-07 February, Available online at www.sciencedirect.com, Vol. 15, pp. 1475-1478.

**Kirova S**., Petkovska B., Koceva D. (**2012**)**:** *Investigation of motivation and anxiety in Macedonia while learning English as a second/foreign language*, 4th WORLD CONFERENCE ON EDUCATIONAL SCIENCES (WCES-2012) 02-05 February, Barcelona, Spain, Available online at www.sciencedirect.com, Vol. 46, pp. 3477–3481.

***Во печат:***

9. Ставрева Веселиновска С., **Кирова С., (2010)**: *Креативни наставници создаваат креативни ученици*, Петти научен собир: „Образование за хумано општество", Охрид, 28- 29 мај. Зборник на апстракти, стр. 11.
10. **Kirova S.,** Ulanska T. (**2010**): *Methodological aspects of using ICT in education,* 13th International Conference "ICT IN THE EDUCATION OF THE BALKAN COUNTRIES", Varna, June, 17 – 19, 2010, Bulgaria. *Abstract book*
11. Stavreva Veselinovska S., Petrova Gjorgjeva E., **Kirova S**. (**2010**): *Methods of successful learning in environmental education*, 4th International Symposium of Ecologists of Montenegro ISEM4, 6-10 October, Budva, R. Crna Gora, Book of abstracts p. 93.
12. Уланска Т., Кирова С**. (2010):** *Грешките кои ги прават изучувачите на странски јазици и методи за нивен третман*, Међународна конференција, ФИЛОЛОШКА ИСТРАЖИВАЊА ДАНАС - ЈЕЗИК, КЊИЖЕВНОСТ, КОМУНИКАЦИЈА, 26-27 новембар 2010, Универзитет у Београду, Филолошки факултет, Зборник резимеа стр. 104.
13. Петрова Ѓорѓева Е., **Кирова С.**, Китанова И. (2010): *Играта како неопходна техника при изучување на странски јазик (Видови на игри – класификација),* Међународна конференција, ФИЛОЛОШКА ИСТРАЖИВАЊА ДАНАС - ЈЕЗИК, КЊИЖЕВНОСТ, КОМУНИКАЦИЈА, 26-27 новембар 2010, Универзитет у Београду, Филолошки факултет, Зборник резимеа стр. 82
14. **Kirova S.,** Petrova Gjorgjeva E. (2011): T*eacher – assessor and creator of a positive climate in the classroom*, 9th ELTA Conference "Teaching-Learning-Assessing: Strengthening the Links", Faculty of Philosophy, Novi Sad, April 8-9 2011, Book of Abstracts p. 21.

15. Stavreva-Veselinovska S., **Kirova S.** (2011): *Macedonian students' perceptions of environmental contents in their English language classes,* 9th ELTA Conference "Teaching-Learning-Assessing: Strengthening the Links", Faculty of Philosophy, Novi Sad, April 8-9 2011, Book of Abstracts p. 13.
16. Petrova Gjorgjeva E., **Kirova S.** (2011): *Ethics as a precondition for assessment and professionalism in teaching,* 9th ELTA Conference "Teaching-Learning-Assessing: Strengthening the Links", Faculty of Philosophy, Novi Sad, April 8-9 2011, Book of Abstracts p. 12.

Евалуација на трудот: 'Teaching elements of culture and humour in the EFL classroom' – Во овој труд се зборува за важноста на предавање на елементите на хуморот и културата на јазикот кој се изучува. Недостатокот на културолошка свесност влијае врз правилното на она што е кажано во различни конотации.

Евалуација на трудот: 'The use of the learning management system 'Moodle' for promotion of online methodology' – Во трудот се разработува употребата на 'Moodle' во наставата по предметите Современ англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Евалуација на трудот: 'Обединување на информатичките технологии со изучувањето на јазиците' – Во овој труд се зборува влијанието на ИТ технологиите врз восприемањето на материјалот од страна на оние кои учат, но и за начините на користење на истата од страна на оние кои подучуваат.

Евалуација на трудот: 'Standards for student's assessment in primary school' Во овој труд се разработува системот на основно образование во делот каде што се спомнува изучувањето на странски јазик. Овој труд се фокусира на изучувањето на англискиот јазик во деветгодишното основно образование во Република Македонија, презентирајќи ги компетенциите кои етапно се вклучуваат во процесот и начинот на нивна евалуација.

Евалуација на трудот: 'Initial English language competences in elementary state schools in Macedonia' - Во овој труд се разработуваат почетните резултати од имплементацијата на англискиот како странски јазик во основните училишта во Р. Македонија, со преглед на компетенциите кои се совладуваат согласно со рамката за јазици на Европа.

Евалуација на трудот: 'Problem solving teaching and ICT in teaching' – Трудот разработува користење на нови методи во наставата овозможени од технологијата и воведување на бројни иновативни дидактички модели во наставниот процес.

Евалуација на трудот: 'Goals of primary education in the Republic of Macedonia' – Во трудот се разработуваат целите на основното образование во РМ, како и есенцијалните елементи за развојот на граѓанската свест на студенти.

Евалуација на трудот: 'Rosetta Stone - an interactive educational tool for learning foreign languages' – Во трудот се изнесени основните карактеристики на интерактивниот јазичен софтвер Rosetta Stone и причините за неговата голема популарност и распространетост.

Евалуација на трудот: 'Information – communication technologies in teaching (prerequisites and perspectives' – Во овој труд се разработува ставот дека учителите не смеат да ја користат технологијата во настава, а претходно да не ги разберат педагошките цели и импликациите од користењето на ИКТ во наставата.

Евалуација на трудот: 'Students' engagement in ecological activities in schools' – Во трудот се презентирани резултатите од истражувањето на ставовите на студентите во врска со еколошки активности во кои тие би сакале да се вклучат и варијаблите кои влијаат врз нивната подготвеност.

Евалуација на трудот: 'An attempt of integration of teaching contents of the subjects ecological education and English as a foreign language' – Во трудот се прави обид за интегрирање на содржини на два наставни предмети – еколошко образование и англиски јазик како странски јазик на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Евалуација на трудот: 'Solving the problem of waste' – Во овој труд прегледно се изнесуваат некои податоци во врска со глобалните еколошки проблеми што ги засегаат сите жители на планетата.

Евалуација на трудот “Investigation of motivation and anxiety in Macedonia while learning English as a second/foreign language” – Во овој труд се разработуваат мотивацијата и анксиозноста како дел од учењето на англискиот јазик како странски кај студентите при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и нивото на нивната застапеност добиено преку темелна обработка на соодветни прашалници.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнати во текот на нејзиното работење како во областа на англистиката, така и на планот на стручното педагошко усовршување, учеството на симпозиуми и конференции, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење и креативност, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **да го усвои нашиот предлог и кандидатката м-р Снежана Кирова да биде избрана во звањето виш лектор за наставно-научната област англистика.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Кусевска, доцент, претседател, с.р.**
**Д-р Нина Даскаловска, доцент, член, с.р.**
**Д-р Билјана Ивановска, доцент, член, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на м-р Снежана Кирова, виш лектор во периодот од 2009 до 2012 година, според критериумите за избор на наставници и соработници „Универзитетски гласник“ бр. 18, јануари 2011 г. и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања донесени на 9.4.2012 г. на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|
| | во земјава | во странство |
| **Предавања**<br><br>**2009/2010**<br>Современ англиски јазик 1, 2, 3 и 4<br>Граматика на англискиот јазик 3 и 4 (Морфологија 1 и 2) на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет<br>Англиски јазик на Одделенска настава и Предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет – Штип и Струмица<br>Англиски јазик 1 и 2 на Факултетот за информатика - Штип. | **8** | |
| **2010/2011**<br>Современ англиски јазик 1, 2<br>Англиски јазик (лекторска настава) 5 и 6<br>Морфологија на англискиот јазик 1 и 2 на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет,<br>Англиски јазик на Одделенска настава и Предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет - Штип и Струмица<br>Англиски јазик и Деловен англиски јазик на Факултетот за информатика - Штип. | **8** | |
| **2011/2012**<br>Современ англиски јазик 3, 4<br>Англиски јазик (лекторска настава) 7 и 8<br>Морфологија на англискиот јазик 1 и 2 на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет<br>Англиски јазик на Одделенска настава и Предучилишно воспитување<br>Англиска морфологија на Модулот за рано учење на англиски јазик на Педагошкиот факултет - Штип и Струмица – изборен предмет. | **8** | |
| **2012/2013**<br>Современ англиски јазик 3, 4, 7 и 8<br>Морфологија на англискиот јазик 1 и 2 на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет<br>Англиски јазик на Одделенска настава (Штип и Струмица) и Предучилишно воспитување (Штип)<br>Јазични вежби и Англиска морфологија (на Модулот за рано учење на англиски јазик) на Факултетот за образовни науки во Штип и Струмица. | **8** | |

| | | |
|---|---|---|
| 6. Одржани предавања (или консултации) на специјалистички студии по Методика на настава по религиско образование на Педагошкиот факултет<br>**2009/2010 предавања**<br>- Англиски јазик<br>**2010/2011 предавања**<br>- Англиски јазик | **3**<br><br>**3** | - |
| 7. Одржани вежби на специјалистички студии по Религиско образование на Педагошкиот факултет<br>**2009/2010** Англиски јазик (0,5)<br>**2010/2010** Англиски јазик (0,5) | **1** | - |
| 8. Рецензент на соработници и наставници објавени во Универзитетски билтен на УГД: 1 x 1 = 1 | **1** | - |
| 9. Рецензент на труд од областа на наставно-образовната дејност (SCI/ CA/останати):<br>3 X 2 = 6 | **6** | |
| 8.Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 7x0.2=**1.4** | |
| **Вкупно** | **55.4** | |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | Поени | |
| | во земјата | во странство |
| 1. **Прегледен труд (СЦИ/ЦА/останати) 15/10/5**<br><br>Труд бр.: 2/ 4/ 5/ 11 / 12/ 13/ 14/<br>Поени: 6/ 6/ 6/ 6/ 6/ 6/ 6 /<br>2. **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир**<br>Труд бр.: 1/ 3/ 6/ 7/ 8/ 9/ 10/ 15/ 16/ 17/ 18/ 19/ 20 /21/<br>Поени: 2/ 1/2/ 2/ 2/ 2/ 1/ 2/ 2/ 2/ 2/ 2/ 2/ 2 / | **42**<br><br>1 (во земјата) /<br>2 (во странство)<br>**24** | |
| 5. Учество на научен собир со реферат (усно), во странство:<br>Труд бр.: 1/2/4/5/8/9/12/13/14/16/17/18/19/<br>20/21/<br>Во земјата труд бр. 15 | 1/1.5<br><br>**1x1.5** | 1.5/2<br><br>**15x2=30** |
| 6. Учесник во научен проект (максимум во три проекти)<br>- Соработник во 2 проекти (2x2) | **2** | **2x2=4** |
| **Вкупно** | **101.5** | |

| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|
| | во земјата | во странство |
| 1. Член на јазично уредувзње за англиски јазик на стручно списание ВОСПИТАНИЕ<br>2. Соработник во изработка на Речник | **1**<br>**1** | |
| 2. **Учесник во проект**<br>- ТЕМПУС ПРОЕКТ „Интегрирање на е-учење преку курикулумот на учители“, (2009): “Integrating E-learning across Teachers’ Curriculum”, Joint European Project CD JEP-40020-2005<br>- „Интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес, јули 2011 год., УГД, Центар за е-учење, 2011 | **5** | |
| 3. **Член на факултетски орган, комисија**<br>Член е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет и надворешен член на ННС на Факултетот за образовни науки, Технолошко-техничкиот факултет и Факултетот за информатика<br>Член на Комисијата за потпишување на пријави и оцени за предметот Англиски јазик на нематични факултети<br>Потписник на предметите Современ англиски јазик 1-8 (задолжителни)<br>Морфологија на англискиот јазик 1 и 2 (задолжителни)<br>Англиски деловен јазик и Меѓукултурни релации Македонија - Велика Британија – изборни предмети на Филолошки факултет<br>Потписник на признати испити на нематични факултети<br>Член на Комисијата за проверка на студентски досиеја за дипломирани студенти | **4**<br>**1**<br>**1**<br>**1**<br>**1**<br>**1**<br>**1** | |
| **Вкупно** | **22** | |
| **Вкупно (НО)+(НИ)+(СА)** | **178.9** | |

**Вкупно (НО) + (НИ) + (СА) = 55.4 + 101.5 + 22 = 178**